Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 04-3/10
02.01.2026 год.

Врз основа на член 21 став 3 и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), член 14 став 2, член 22 и член 23 од Законот за работните односи и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-12267/2 и 19-6672/4 од 24.12.2025 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

# ОДЛУКА

**за избор на 1 (еден) извршител на определено време до 31.12.2026 година за работно место Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем**

1. За работното место Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем, со шифра КДР 0401 А01 079 во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип се избира кандидатот
   - **Памела Јосифова од Пробиштип**
2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог за избор по Јавен оглас бр.03/2025.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на определено време до 31.12.2026 година на работното место Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем, по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 27.12.2025 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.03/2025 за вработување на определено време до 31.12.2026 година на шест (6) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на определено време до 31.12.2026 година на шест (6) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, по пат на јавен оглас бр.03/2025, формирана од Директорот со решение бр.04-754/8 од 29.12.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-3/1 од 02.01.2026 година и спроведе интервју со уредно пријавените кандидати, за кое состави записник бр.04-3/2 од 02.01.2026 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог за избор на кандидат по Јавниот оглас бр.03/2025, за работното место под реден број 3 Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем.

Врз основа на финалните ранг листи и предлогот за избор на кандидат за работното место под реден број 3 Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем, по Јавниот оглас бр.03/2025, Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
02.01.2026

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

одобрил: Маја Стојчева